ФЗОРСМ
FSSHRMV

# Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
# Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

До: ЈЗУ УК за пулмологија и алергологија – Скопје
Ул.Мајка Тереза бр.17 - Скопје

Од: Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија – Скопје
Сектор за финансиски прашања

Дата: 10 -11- 2022 година

Број: 08-15352/

**Предмет: Одговор на доставен приговор по Извештај број 08-15352/2 од 25.10.2022 година од извршена вонредна контрола од страна на ФЗОРСМ**

Почитувани,

Во врска Вашиот приговор број 03-1453/2 од 03.11.2022 година, Ве информираме дека извршената вонредната контрола по налог за контрола број 15352/1 од 18.10.2022 година е извршена врз основа на материјалите кои и се доставени на контролата од Вашата ЈЗУ и Ваши укажувања за начинот на евиденција на активниот повик.

Во врска доставената Одлука број 0201-348/10 од 22.03.2012 година донесена од страна на Управниот Одбор на ЈЗУ, во која со жолт маркер, е подвлечно следново: "од евиденцијата на работното време изземен е Директорот" Ви укажуваме, дека согласно Законот за работни односи во глава IX Работно време, член 116, став (6) и став (7) е нотирано:

" (6) Работодавачот е должен да води евиденција за полното работно време.
(7) Работодавач кој има над 25 вработени и кај кого процесот на работата се врши на една или повеќе локации е должен на секоја локација да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа".

Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 116, став (9) од Законот за работни односи, има донесено Правилник за начинот и водењето на електронската евиденцијана на работно време и прекувремена работа, објавен во Службен весни на РМ број 78 од 13.05.2015 година, каде во член 2, е наведено кои елементи најмалку треба да ги содржи електронската евиденцијана на работно време и прекувремена работа.

Поздрав,

**Директор**
**М-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

**Директор/Drejtor**
**Faton Ahmeti Mr.sc.,MBA**

Изготвил: м-р Бедри Мемети
Цвете Јовановска
Контролирал: Снежана Ќовкароска Шилоска
Согласен: Мице Сугарев


Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

[1] 08-15352/4 [2022]